РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. 09-536/1
22.02. 2024 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), Градоначалникот на Општина Ресен , на ден 22.02.2024 година, донесе

Архивски знак:
Рок на чување:
Потпис:
20 год.

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект (УП ) вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба со намена Е- 1.8 ( инфраструктури за пренос на електрична енергија ): Новопланиран СН10(20) KV кабелски подземен вод од столб во КО Крани до постоечка трафостаница на КП 1430 – КО Крани , Општина Ресен кој се носи согласно чл.58, ст.(6) од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл.Весник на РСМ “ бр.32/20 и 111/23) , не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ресен, www.resen.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став ( 4 ) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект (УП ) вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба со намена Е- 1.8 ( инфраструктури за пренос на електрична енергија ): Новопланиран СН10(20) KV кабелски подземен вод од столб во КО Крани до постоечка трафостаница на КП 1430 – КО Крани , Општина Ресен нема влијание врз животната средина од следните причини: изградбата на инфраструктури за пренос на електрична енергија од аспект на животната средина не придонесува за загадување, уништување или на друг начин деградирање на истата или на екосистемите во предметниот простор на урбанизација. Напротив, со инсталирањето на овој тип пренос на електрична енергија на индиректен начин се придонесува за помала емисија на $CO_2$, од причини што се заменуваат конвеционални начини на пренос на елек.енергија. Согласно чл.54, ст.(4) од Законот за урбанистичко планирање, предметното земјиште кое со оваа проектно планска документација се урбанизира го задржува статусот на земјоделско земјиште, градежните активности за изведба на ваков тип на градби не вклучуваат поголеми градежи зафати туку мали интервенции за поставување на подземни инсталации за пренос на електрична енергија.

Инвеститорот во подоцнежните фази од постапката се задолжува со изработка на Елаборат за животна средина, за чие одобрување на истиот е надлежено Министерството за Животна Средина.

4. Против оваа одлука, јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 09-536/1

Место, Ресен

**Градоначалник на општина Ресен**

**Јован Тозиевски**